## ВЕЖБА 6: ЦРТАЊЕ ЕЛЕМЕНТАРНИ КОНТУРИ - КРУГОВИ И КРУЖНИ ЛАКОВИ

Цртањето на затворени кружни линии се врши со примена на командата CIRCLE. Командата има повеќе опции.

- цртање круг со задавање на центар и радиус;

- цртање круг со задавање на центар и дијаметар;

- цртање круг со задавање на две крајни точки на пречникот;

- цртање круг со задавање на три точки;

- цртање круг кој е поставен тангентно на две прави линии, со задавање на радиусот.

**• Цртање круг со задавање на центар и радиус**

Ова е наједноставна опција за цртање круг. При задавање на командата CIRCLE опцијата е стандарно активна.

По внесување на командата CIRCLE или по избор на соодветното копче од алатникот за цртање, се внесуваат координатите на центарот на кругот (преку тастатура или со глувчето).

```
CIRCLE
Specify center point for circle or [3P/2P/Ttr (tan tan radius)]: 55,260
Specify radius of circle or [Diameter]: 10
```

Нацртај кругови со следни параметри:

| координати на центар | | радиус |
|---|---|---|
| X | Y | |
| 55 | 260 | 10 |
| 90 | 260 | 20 |
| 135 | 260 | 30 |

**• Цртање круг со задавање на центар и пречник**

По внесување на командата CIRCLE или по избор на соодветното копче од алатникот за цртање, се внесуваат координатите на центарот на кругот (преку тастатура или со глувчето). Се внесува „D“ за да се избере цртање на круг со зададен дијаметар и се внесува вредноста за дијаметарот.

```
CIRCLE
Specify center point for circle or [3P/2P/Ttr (tan tan radius)]: 65,202
Specify radius of circle or [Diameter]: D
Specify diameter of circle: 70
```

Нацртај кругови со следни параметри:

| координати на центар | | радиус |
|---|---|---|
| X | Y | |
| 65 | 202 | 70 |
| 127 | 202 | 54 |
| 135 | 202 | 40 |

**• Цртање круг со задавање на две крајни точки на дијаметарот**

По внесување на командата CIRCLE или по избор на соодветното копче од алатникот за цртање, се внесува „2P“ за да се избере цртање на круг со зададени две точки од дијаметарот. Се внесуваат координатите на првата и на втората точка од дијаметарот.

```
CIRCLE
Specify center point for circle or [3P/2P/Ttr (tan tan radius)]: 2P
Specify first end point of circle's diameter: 42,136
Specify second end point of circle's diameter: 82,136
```

Нацртај кругови со следни параметри:

| координати на прва точка | | координати на втора точка | |
|---|---|---|---|
| X | Y | X | Y |
| 42 | 136 | 82 | 136 |
| 69 | 136 | 109 | 136 |
| 96 | 136 | 136 | 136 |
| 123 | 136 | 163 | 136 |

**• Цртање круг со задавање на три точки**

По внесување на командата CIRCLE или по избор на соодветното копче од алатникот за цртање, се внесува „3P“ за да се избере цртање на круг со зададени три точки. Се внесуваат координатите на првата, втората и третата точка.

```
CIRCLE
Specify center point for circle or [3P/2P/Ttr (tan tan radius)]: 3P
Specify first point of circle: 45,70
Specify second point of circle: 76,101
Specify third point of circle: 107,70
```

Нацртај кругови со следни параметри:

| координати на прва точка | | координати на втора точка | | координати на трета точка | |
|---|---|---|---|---|---|
| X | Y | X | Y | X | Y |
| 45 | 70 | 76 | 101 | 107 | 70 |
| 55 | 70 | 81 | 96 | 107 | 70 |
| 65 | 70 | 86 | 91 | 107 | 70 |
| 75 | 70 | 91 | 86 | 107 | 70 |